INTERCERT
system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-034/2019

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

- Сектор за заштита на децата-

**Архивски број:** 11- 5183/1
**Датум:** 08-07-2022

**До:** Градоначалници на општини

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Ве известуваме дека Министерството за труд и социјална политика на веб страната има отворен Јавен оглас кој трае во текот на целата година и на кој може да аплицираат сите заинтересирани општини кои имаат потреба од изградба, доградба, адаптација, проширување и опремување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, преку поднесување на Апликации и Проекти.Проектите потребно е да се во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (Службен весник на Р.М. бр.28/14, 136/14, 40/14, 71/15, 170/16, 151/18 и 110/22).

Со цел надминување на проблемите кои произлегуваат од проектите кои не се изработени во целост по стандардите и нормативите за вршење на дејноста, Ве известуваме дека потребно е:

1.Општините пред да ангажираат фирма за изработка на основен проект, да достават до МТСП допис со известување за намера за изготвување на проект со прилог документација за локацијата, со што би се потврдила имотната состојба (парцелата треба да е во сопственост или дадена на трајно користење на општината која аплицира ) и соодветната урбанистичка намена на земјиштето – В2 (здравство и социјална заштита).

2.По добивање на потврда за соодветноста на локацијата од стручните лица од Министерството, општините можат да ангажираат фирма за изготвување на проект која треба да биде отворена за соработка и сугестии од стручните лица од МТСП.

3.Пред да се почне со постапката за изработка на идејно решение треба да бидат испочитувани одредбите од член 4 став 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за вршење на дејноста на установите за деца, поточно при избор на локацијата на земјиштето треба да се има предвид:

- на децата да им се обезбеди најмалку 15 м2 земјиште, а по исклучок не помалку од 8 м2 ако во непосредна близина на објектото има развиена зелена површина која ќе се користи за игра на децата;

-локацијата треба да е приклучена на постоечка инфраструктура;

- ако нема постоечка инфраструктура или е недоволно димензионирана, истата


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

- Сектор за заштита на децата-

треба да се обезбеди;
- при избор на локација се препорачува парцелата да е на рамен терен;
- на детето треба да му биде обезбедна сигурност на патот до објектот на детската градинка како и до рекреативните и парковните површини, вклучувајќи го целото земјиште на објектот;
- локацијата треба да биде заштитена од бучава и концетрација на штетни материи во воздухот, кои не ги надминуваат дозволените рамки пропишани за станбени населби.

4.Во почетна фаза на изработка на проектот, потребно е општината да побара средба со претставници на МТСП за презентација на идејното решение на проектот и истото да се одобри дека идејното решение е во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца.

5.Доколку има потреба од консултации за време на изработка на основниот проект, општината може да побара состанок, а дополнително пред предавањето и заверката на основниот проект, потребно е истиот да се одобри од страна на стручните лица од МТСП дека ги исполнува сите пропишани стандарди и нормативи.

Сите проекти, без разлика на изворот на финансирање на истите, потребно е задолжително да се во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (Службен весник на Р.М. бр.28/14, 136/14, 40/14, 71/15, 170/16, 151/18 и 110/22).

Со цел навремено планирање на средства од Буџетот на МТСП наменети за капитални инвестиции и изготвување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година, потребно е сите Идејни проекти, да се достават НАЈДОЦНА до 31.08 2022, но по добивање на одобрение за локацијата (точка 2 од дописот). Проектите да се испратат до: Министерство за труд и социјална политика, ул.Даме Груев бр.14 – Скопје до Сектор за заштита на деца со назнака : „Јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерство за труд и социјална политика“.

Со почит,

Министер,
Јованка Тренчевска

Изработил:М.Димишкова /Е.Александрова
Контролирал: В.Ристовска
Одобрил: Љ. Панова


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk